ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Au
Сертифициран систем с
Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 09-6467/1
30. 06. 2021
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), Секретарот на Град Скопје, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас

1.За извршител на работното место **Советник за утврдување и наплата на данок на имот,** шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, Сектор за даноци на имот и комунални такси, се избира кандидатот **Марија Антова.**
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На ден 15.06.2021 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.09/2021 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр. 09-5777/6 од 26.06.2021 година ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодирање изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место **Советник за утврдување и наплата на данок на имот,** шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, Сектор за даноци на имот и комунални такси, и предложи на Секретарот да го избере кандидатот **Марија Антова.**

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Архивата

**Град Скопје**
**Секретар**

**Викторија Аврамовска Мадиќ**